Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" Бр.58/00, 44/02, 82/0, 167/10 и 51/11), а во врска со член 9-б, од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" број 7/05, 103/18, 124/10 и 135/11), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ВИДЕО МОНИТОРИНГ
# ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

## Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на вршење видео мониторинг во Министерството за финансии (во понатамошниот текст – Министерството).

## Член 2

Видео мониторинг во Министерството се врши заради заштита на животот и здравјето на вработените и другите лица во Министерството, заштита на имотот кој го користи Министерството и контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Министерството.

## Член 3

Видео мониторингот се врши со опрема која се состои од камери и монитори.

Системот за видео мониторинг се наоѓа во просториите на Министерството.

## Член 4

Во просториите на Министерството во кои се врши видео мониторинг, се истакнува известување во кое се содржани информации за вршењето на видео мониторингот.

Известувањето од став 1 на овој член е во Прилог број 1 на овој Правилник.

## Член 5

Видео мониторингот во Министерството се врши преку:

- 1 камера која емитува слика која не е во боја и е поставена од надворешната страна од влезната врата на Секторот за второстепена управна постапка управни и други судски спорови на ул.„Даме Груев" бр.14, 1000 Скопје, зграда на Интекс на 3 кат.

## Член 6

Со видео мониторингот се следи просторот од влезно/излезната врата на Секторот за второстепена управна постапка, управни и други судски спорови.

## Член 7

Овластување за вршење на видео мониторинг дава министерот за финансии.

Операторот на видео мониторингот е должен да потпише изјава за заштита на личните

податоци до кои ќе дојде во текот на видео мониторингот.

## Член 8

Операторот на видео мониторингот е должен да води дневник за неочекуваните настани кои што ќе ги регистрира при видео мониторингот.

Записите од став 1 на овој член, овластениот оператор ги евидентира во дневникот и ги потврдува со свој потпис.

Во случај на појава на неочекувани настани, операторот на видео мониторингот го известува министерот за финансии.

## Член 9

Во Министерството не се врши видео надзор и снимање на материјали.

## Член 10

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла во Министерство за финансии.

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
**м-р Зоран Ставрески**

**Бр. 03-22150/1**
**26.06.2013 година**

Изработил: Михајло Михајловски
Проверил: Гордана Сусулеска Итиќ
Одобрил: Игор Димитров
Согласен: Наташа Стојмановска



**Овој простор е под видео мониторинг**